Република Северна Македонија
**НОТАР**
**Васко Паскали**
**за подрачјето на Основниот суд во Охрид**
ул."Димитар Влахов"бр.9а
ОХРИД
29.05.2024 година,
(дваесетидеветти мај двеилјадидваесетичетврта година)

**ОДУ број 425/24**

**ИЗВОД**

## НОТАРСКИ АКТ-ЗАПИСНИК

Јас, НОТАР **Васко Паскали** од Охрид, ул."Димитар Влахов"бр.9а, со службено седиште во Општина Охрид, нотарско подрачје на Основниот суд во Охрид, потврдувам дека по писмена покана на Друштвото за хотелиерство, угостителство туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид Бр.03-155 од 29.04.2023 година, на ден 29.05.2024 година (дваесетидеветти мај двеилјадиидваесетичетврта година), присуствував на Собранието на Друштвото кое се одржа во седиштето на друштвото (бизнис сала) населба Долно Коњско бб, Охрид, со почеток во 12:00 часот. Откако утврдив дека се исполнети условите за преземање на ова службено дејствие, а врз основа на член 92 од Законот за нотаријат и член 383 и 407 од Законот за трговски друштва, го составив следниот-------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------ **ЗАПИСНИК** ------------------------------------------------------

----------------------------- **од одржаното Собрание на Друштвото за хотелиерство**--------------------

--------------------- **угостителство туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид**--------------

Пред отпочнувањето на Собранието на мое барање ми беше предочено:--------------------------------

1. Тековна состојба на правното лице од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица Бр.0805-50/150320240003872 од 29.05.2024 година издадена од Централен Регистар на РСМ-РРК Охрид, од која се утврдува дека Друштвото за хотелиерство, угостителство туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, со седиште во Населено место без уличен систем Долно Коњско, Охрид, со ЕМБС 5228883 е запишано во Трговскиот регистар.--------------------------
2. Акционерската книга на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид издадена од ЦДХВ Скопје со состојба од 28.05.2024 година од 12:05:45 часот, од која се утврдува дека вкупниот номинален капитал изнесува 5175000,00 ЕУР, со вкупен број на хартии од вредност 1035000, со вкупен број на иматели 525 и број на сопственички позиции 572.----------------------------------------------------
3. Јавен повик објавен во дневниот весник "Нова Македонија" од 27-28.04.2024 година со кој се повикуваат сите акционери или од нив ополномоштени акционери да присуствуваат на седница на Собрание на акционери на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид на ден 29.05.2024 година.------------
4. Список на акционери и Список на пријавени и верификувани акционери на Собрание на акционери на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид кој содржи реден број, државјанство, име/назив и презиме на акционерот, држава, број на сметка, износ на акции, дополнителни информации, вид на сметка, известување за полномошно и потпис. Од наведениот список спореден со Изводот од Акционерската книга утврдив дека на Собранието се присутни и потпишани вкупно 2 (двајца) акционери од кои 1 (еден) лично присутен, а 1 (еден) е преку полномошник, со вкупно 760755 гласови односно 74,66% од вкупниот број на акции со право на глас, и тоа:--------

| Ред.број | Презиме и име | Број на акции |
|---|---|---|
| 1. | ФЕРШПЕД АД Скопје - полномошник Дејан Рилков | 760753 |
| 2. | Јованче Николов | 2 |

На Собранието како полномошник за ФЕРШПЕД АД Скопје е присутен Дејан Рилков овластен со Полномошно издадено од Генералниот директор на ФЕРШПЕД АД Скопје на 21.05.2024 година, заверено под Бр.03-1064/3 на 21.05.2024 година од ФЕРШПЕД АД Скопје. За учесникот-акционер ФЕРШПЕД АД Скопје е приложено Известување за дадено Полномошно до ХОТЕЛИ МЕТРОПОЛ АД Охрид од 21.05.2024 година од Генералниот директор на ФЕРШПЕД АД Скопје заведено под Бр.03-1064/2 и Пријава за учество на Годишно Собрание МЕТРОПОЛ АД Охрид од 21.05.2024 година од Генералниот директор на ФЕРШПЕД АД Скопје заведена под Бр.03-1064.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пријава за учество на Собранието е приложена и присутниот акционер Јованче Николов.--------
Седницата на Собранието ја отвори Г-динот Дејан Рилков како полномошник за ФЕРШПЕД АД Скопје како Претседавач на претходното Собрание. Истиот ги поздрави присутните и истакна дека законска обврска на друштвата е еднаш годишно да одржуваат акционерски собранија на кои се расправа по одредени точки на дневниот ред, односно се гласа за донесување на одредени одлуки. Понатаму истакна дека Одборот на директори донел Одлука за свикување на денешното Собрание како и дека свикувањето на годишното Собрание е спроведено согласно ЗТД и законските одредби. Повикот за свикување на годишното Собрание на акционери е објавен во дневниот весник "Нова Македонија" од 27-28.04.2024 година што значи

во законскиот рок од 30 (триесет) дена пред неговото одржување, и во истиот е објавен дневниот ред, кој е прилог и на материјалот за собранието и е достапен до сите учесници. Во продолжение Г-динот Дејан Рилков го прочита дневниот ред:-----------------------------------------
-------------------------------------------------------- ДНЕВЕН РЕД --------------------------------------------
I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:--------------------------------------------------------------------------------
- Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;-----------------------------------------
- Избор на Претседавач на Собранието;---------------------------------------------------------------
- Избор на записничар (во согласност со чл.383 ст.3 од ЗТД записникот го води нотар);-------------
- Избор на бројачи на гласови.-------------------------------------------------------------------------
- Усвојување на дневен ред по кој ќе работи Собранието.--------------------------------------------
II.РАБОТЕН ДЕЛ:----------------------------------------------------------------------------------------
1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид за 2023 година, со предлог-Одлуки;-------------------------------------------------------------------
2. Донесување на Одлука за распределба-употреба на добивката за 2023 година со предлог-Одлука;----------------------------------------------------------------------------------------------
3. Разгледување и Одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2023 година со предлог-Одлука;-------------------------------------------------------------------
4. Расправа и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за начинот на водење на Друштвото, со предлог-Одлука;---------------------------------------------------------
5. Донесување на Одлука за определување на месечен паушал на неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото, со предлог-Одлука;--------------------------------------------
6. Донесување Одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година, со предлог-Одлука;-----------------
7. Донесување Одлука за откуп на сопствени акции, со предлог Одлука.------------------------------
Во врска со првата точка од процедуралниот дел - Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници, а врз основа на Списокот на акционери и Списокот на пријавени и верификувани акционери, Претседавачот констатира дека на денешното Собрание вкупно се присутни 2 (двајца) верифицирани акционери со вкупно 760755 гласови кои преставуваат 74,66% од вкупниот број на акции со право на глас кој имајќи ги во предвид неидентификуваните и акциите кои не се со право на глас, изнесува 1018934.------------
Согласно Списокот на присутни акционери претседавачот констатира дека на седницата има кворум за работа, и дека Собранието може полноважно да работи и одлучува, како и дека гласањето на оваа седница ќе биде јавно.--------------------------------------------------------------------
Во врска со наредната точка од процедуралниот дел-избор на Претседавач на Собранието, беше образложено дека мандатот на претседавачот истекува со почетокот на секое наредно собрание, што значи дека најпрвин треба да се избере Претседавач на годинешното Собрание. За Претседавач на собранието беше предложен Дејан Рилков со живеалиште во Охрид на ул."Галичица"бр.49-2/12, со ЕМБ 1608978430009 и број на лична карта М0619328 издадена од МВР-Охрид, кој на денешното собрание е присутен како полномошник за акционерот ФЕРШПЕД АД Скопје. Со оглед на тоа што друг предлог немаше, предлогот полномошникот на ФЕРШПЕД АД Скопје, Дејан Рилков да биде избран за Претседавач се стави на гласање. Сите присутни гласаа ЗА, ПРОТИВ и ВОЗДРЖАНИ немаше така што Г-динот Дејан Рилков едногласно е избран за Претседавач на Собранието со мандат до наредното собрание.------------
Г-динот Дејан Рилков се заблагодари на укажаната доверба и продолжи со натамошното водење на седницата, истакнувајќи дека согласно член 383 став 3 од ЗТД а по претходна писмена покана Записникот ќе го води Нотар Васко Паскали од Охрид.-----------------------------
По четвртата точка од процедуралниот дел од дневниот ред-Избор на бројачи на гласови, Дејан Рилков како полномошник за акционерот ФЕРШПЕД АД Скопје предложи да биде избран еден бројач на гласови и за истото го предложи лицето Јованче Николов а предлогот беше едногласно прифатен.---------------------------------------------------------------------------------------
Бројачот на гласови го поднесе Извештајот од годишното акционерско Собрание на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид од кој исто така се констатира дека на седницата има кворум за работа, и дека Собранието може полноважно да работи и одлучува.-------------------------------------------
Во однос на Усвојувањето на дневниот ред, Претседавачот истакна дека во законскиот рок до Одборот на директори по писмен пат не се доставени предлози за измена и дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, така што Собранието ќе работи по објавениот дневен ред, односно по објавените точки од дневниот ред. Во продолжение Претседавачот појасни дека нема гласање по предложениот дневен ред, а имајќи го во предвид тоа дека нема предлози за измена и дополнување на дневниот ред, се констатира дека истиот се смета за усвоен и дека Собранието ќе работи по истиот.-------------------------------
Претседавачот отвори расправа по првата точка од дневниот ред-**Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид за 2023 година, со предлог Одлуки,** истакнувајќи дека годишната сметка и финансиските извештаи и годишниот извештај се содржани во материјалите за работа при што предложи односно истакна дека со оглед на тоа дека се работи за сродни извештаи, ќе има една расправа, а ќе се гласа поединечно за секоја Одлука.-------------------------------------------------------------

**ОДУ бр.425/24**

Претседавачот отвори расправа, а со оглед на тоа дека никој од присутните акционери не побара дискусија по оваа точка од дневниот ред, се премина кон гласање.----------------------------
"ЗА" Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2023 година гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, или 100% од вкупниот број на акции со право на глас од акционерите претставени односно присутни на собранието. Против и воздржани немаше.---------
"ЗА" Одлуката за одобрување на финансиските извештаи на друштвото за 2023 година ревидирани од овластен ревизор гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, против и воздржани немаше.------------------------------------------------------------------------------------------------------
И за Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на друштвото за деловната 2023 година "ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, или 100% од вкупниот број на акции со право на глас присутни на собранието. Против и воздржани немаше.-
Претседавачот констатира дека Одлуките за одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид за 2023 година се едногласно донесени.-----------------------------------------------
По втората точка од дневниот ред **- Донесување Одлука за распределба-употреба на добивката за 2023 година со предлог-Одлука,** Претседавачот отвори расправа и ја прочита предлог-одлуката која е приложена во материјалите за работа на собранието, со која се предлага вкупниот износ на добивката по оданочувањето да се распредели на начин што дел во износ од 1.341.570,00 (еденмилион тристачетириесетиеднаилјада петстотиниеседумдесет) денари да се распредели-употреби за законски резерви, а остатокот од 25.489.834,00 (дваесетипетмилиони четиристотиниосумдесетидеветилјади осумстотинитриесетичетири) денари да се распредели-употреби за инвестиции во основни средства.---------------------------------
Претседавачот отвори претрес по оваа предлог одлука.------------------------------------------------------
За збор се јави акционерот Јованче Николов кој побара да му се образложи зошто се инвестира само во основни средства како и зошто нема пораст на бруто платите на што му беше одговорено дека со самото вложување во основни средства во насока на енергетски ефикасни единици во иднина ќе придонесе за зголемување на приходите од работење како и раст на платите на сите вработени во хотелите во состав на друштвото.---------------------------------
Со оглед дека никој друг не се јави за збор, се премина кон гласање и по оваа точка од дневниот ред **"ЗА" Донесување на Одлуката за распределба-употреба на добивката за 2023 година,** гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, односно 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на собранието, против и воздржани немаше.
Претседавачот констатира дека Одлуката е едногласно усвоена.-----------------------------------------
По третата точка од дневниот ред - **Разгледување и Одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2023 година со предлог Одлука,** Претседавачот отвори расправа истакнувајќи дека Извештајот е составен дел на материјалите за работа. Со оглед дека никој не зеде збор Претседавачот третата точка од дневниот ред ја стави на гласање. "ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови односно 100% од вкупниот број на акции со право на глас од акционерите претставени на собранието, против и воздржани немаше и Претседавачот констатира дека Одлуката за одобрување на Извештајот поднесен од Неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2023 година е едногласно донесена.-------------------------
По четвртата точка од дневниот ред **Расправа и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за начинот на водење на Друштвото, со предлог Одлука** Претседавачот отвори претрес истакнувајќи дека законска обврска е секоја година да се одобрува работата на членовите на Одборот на директори. Понатаму појасни дека при одобрување на работата на членовите на Одборот на директори се носи една Одлука, меѓутоа гласањето е за секој член поединечно. Со оглед дека никој не побара збор по оваа точка, Претседавачот Одлуката ја стави на гласање. Се започна со гласање и тоа поединечно за секој член.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
За одобрување на работата на Претседателот на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид-неизвршен член на Одборот на директори Драган Наков "ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, што значи 100% од вкупниот број на акции со право на глас присутни на собранието, против и воздржани немаше. Претседавачот констатираше дека работењето на Драган Наков е едногласно одобрено.--------------------------------
И за Филип Мишевски, Генерален директор-извршен член на Одбор на директори, за одобрување на неговата работа "ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, што значи 100% од вкупниот број на акции со право на глас од присутните акционери претставени на собранието, против и воздржани немаше. Претседавачот констатираше дека работењето на Филип Мишевски е исто така одобрено едногласно.--------------------------------------------------------
За одобрување на работата на Сашо Наков-неизвршен член на Одборот на директори "ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, односно 100% од вкупниот број на акции со право на глас од акционерите претставени на собранието, против и воздржани немаше. Претседавачот констатираше дека работењето на Сашо Наков е едногласно одобрено.-----------
И за Јелена Наков, неизвршен член на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, за одобрување на нејзината работа "ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, или 100% од вкупниот број на акции со право на глас од акционерите претставени на собранието, против и воздржани немаше. Претседавачот констатираше дека работењето на

Јелена Наков е исто така одобрено едногласно.-------------------------------------------------------------
И за Наташа Милева, неизвршен-независен член на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, за одобрување на нејзината работа "ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, или 100% од вкупниот број на акции со право на глас од акционерите претставени на собранието, против и воздржани немаше. Претседавачот констатираше дека работењето на Наташа Милева е исто така одобрено едногласно.-------------
Откако заврши поединечното гласање за работењето на членовите на Одборот на директори, Претседавачот констатира дека **Одлуката за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за начинот на водењето на Друштвото е едногласно донесена.**-------
Понатаму се премина кон петтата точка од работниот дел **Донесување на Одлука за определување на месечен паушал на неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото, со предлог-Одлука** и по истата Претседавачот отвори расправа истакнувајќи дека Одлуката е приложена во материјалите.--------------------------------------------------------------
По оваа точка никој не се јави за збор, и се премина кон гласање. "ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, или 100% од вкупниот број на акции со право на глас од акционерите претставени на собранието, "ПРОТИВ" и "ВОЗДРЖАНИ" немаше. Претседавачот констатираше дека **Одлука за определување на месечен паушал на неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото е едногласно донесена.**---------------------------------
Се премина кон шестата точка од работниот дел од дневниот ред **Донесување Одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2024 година.** Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред при што предложи за овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на АД ХОТЕЛИ МЕТРОПОЛ Охрид за 2024 година повторно да се назначи Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, со оглед на тоа што друштвото е задоволно од работата на ревизорската куќа.----------------------------------------------
Со оглед дека друг предлог немаше се пристапи кон гласање и по оваа точка и истата едногласно се донесе со 760755 гласови, односно 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на собранието, против и воздржани немаше. Претседавачот констатираше дека и оваа Одлука е едногласно усвоена.-------------------------------------------------------------
И на крајот по последната-седмата точка од дневниот ред **Донесување Одлука за откуп на сопствени акции** Претседавачот отвори расправа, истакнувајќи дека Предлог-Одлуката е приложена во материјалите, како и дека донесувањето на одлуката за стекнување сопствени акции со откуп е во надлежност на Собранието на акционери. Во продолжение даде кратко објаснување за откупот на сопствените акции.--------------------------------------------------------
Никој не побара збор по оваа точка од дневниот ред и Претседавачот побара да се гласа по истата. ЗА" гласаа сите присутни акционери со 760755 гласови, односно 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на собранието, против и воздржани немаше. Претседавачот констатира дека **Одлуката за откуп на сопствени акции е едногласно донесена.**------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека дневниот ред е исцрпен, а седницата заврши во 12:45 часот.---
Потврдувам дека овој Нотарски акт - Записник лично го составив и се состои од четири страни на четири листа.-----------------------------------------------------------------------------------
Истиот му го прочитав на претседавачот кој изјави дека содржината на овој Записник одговара на вистинската состојба од седницата на Собранието.----------------------------------------------
Претседавачот изјавува под полна морална, материјална и кривична одговорност дека доставената документација е непроменета и правно валидна.------------------------------------------
Учесникот е согласен нотарската канцеларија да задржи фотокопија од неговата лична карта и да врши обработка на личните податоци наведени во неа, потребни за овој Нотарски акт.------
Согласно Законот за нотаријат (Сл.Весник на РМ бр.72/16, 142/16 и 233/18) при составувањето на оваа нотарска исправа не е потребно присуство на сведоци, а нотарот и учесникот тоа не го бараа.----------------------------------------------------------------------------------------
Претседавач на Собранието-----------------------------------------------------------------------
За ФЕРШПЕД АД Скопје полномошникот Дејан Рилков--------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека претседавачот на Собранието лично го потпиша овој записник--------------------
По составувањето на Нотарскиот акт издадени се два изводи за Друштвото за хотелиерство, угостителство туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид.-----------------------------------------
Учесникот изјавува дека е изрично согласен и го овластува нотарот без негово присуство да изврши исправка на технички и јазични грешки во оваа нотарска исправа, со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот за нотаријат, која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и ќе биде доставена на учесникот.------------------------------------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси и член 158 став 3 од Законот за нотаријат во износ од петстотини денари е наплатена.------------------------------------------
Нотарската награда по член 41 од Нотарската тарифа на НКРСМ е пресметана во износ од десетилјади денари и трошоци во износ од тристаишеесет денари.-----------------------------------

**ОДУ број 425/24**

Во Охрид, 29.05.2024 година (дваесетидеветти мај двеилјадидваесетичетврта година)

**НОТАР**

**Васко Паскали**

Јас, НОТАР, ВАСКО ПАСКАЛИ
ул."Димитар Влахов" број 9а, Охрид

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.
Овој е прв извод - потполн - во изводок кон кого не се приложени преписи од прилог на нотарската исправа.
Број: ОДУ 425/24
Во Охрид 29.05.2024 година

НОТАР
Васко Паскали